Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и членот 171 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за видот, начинот на доставување и содржината на извештаите за еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат видот, начинот на доставување и содржината на извештаите за извршените еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки коишто платежните институции, односно институциите за електронски пари ги доставуваат до Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

2. За потребите на оваа одлука, под институција се подразбира платежна институција и институција за електронски пари.

## II. ВИДОВИ ИЗВЕШТАИ И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ

3. Институцијата којашто извршува еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки е должна да изготвува и да доставува месечни извештаи до Народната банка за поединечните платежни трансакции, вклучувајќи и податоци за паричните дознаки извршени преку агентите со кои има склучено договор.

Рокот за доставување на извештаите од ставот 1 од оваа точка е пет работни дена од истекот на месецот за кој се доставува извештајот.

4. Извештаите од ставот 1 на точка 3 од оваа одлука се доставуваат до Народната банка електронски, во согласност со подзаконскиот акт со кој се уредува поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка.

Институцијата е одговорна за точноста на податоците и информациите коишто се доставуваат до Народната банка и е должна да воспостави јасни правила и процедури за обезбедување на точноста на податоците и информациите што се доставуваат, вклучително и за навременото бришење или коригирањето на податоците што се неточни или нецелосни.

Ако клиентот физичко лице приложи писмено барање за бришење или за коригирање неточен или нецелосен податок до институцијата, со соодветни докази,

институцијата е должна да ги избрише или да ги коригира неточните или нецелосните податоци во рокот определен со закон и да достави нов извештај до Народната банка.

## III. СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАИТЕ

5. Институцијата ги доставува месечните извештаи од точката 3 од оваа одлука на образецот 1 – ИЕППТ – Извештај за еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки, даден во прилогот 1 на оваа одлука заедно со позициите / полињата коишто се пополнуваат.

6. Институцијата е должна да го достави првиот извештај за 2023 година до Народната банка со состојба на 31 јануари 2023 година.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

7. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/XXII-5/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**ПРИЛОГ 1**
**Образец 1 – ИЕППТ – Извештај за еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки**

<table>
<tr><td colspan="2">1) Матичен број на институцијата:</td><td colspan="3">2) Назив на институцијата и телефон за контакт</td><td colspan="3">3) Матичен број и назив на агентот:</td></tr>
<tr><td colspan="8">Податоци за поединечни трансакции</td></tr>
<tr><td>4. Шифра на земјата</td><td>5. Датум на трансакци-јата</td><td>6. Име и презиме на (испраќа-чот / примачот)</td><td>7. ЕМБГ или број на пасош</td><td>8. Код на резидентот /нерези-дентот</td><td>9. Шифра на валутата</td><td>10. Износ на уплатата (во валута)</td><td>11. Износ на исплатата (во валута)</td></tr>
<tr><td>1</td><td>2</td><td>3</td><td>4</td><td>5</td><td>6</td><td>7</td><td>8</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Вкупно по валути:</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6"></td><td></td><td></td></tr>
</table>

Извештајот се изработува за месецот за кој се известува во оригиналната валута, при што се внесуваат следниве податоци:

- Матичен број на институцијата;
- Назив на институцијата и телефон за контакт;
- Матичен број и назив на агентот (не се пополнува доколку институцијата известува за сопствените трансакции).

Во однос на поединечните трансакции се внесуваат следниве податоци:

- Шифра на земјата (од шифрарникот на земји според актот со којшто се уредува вршењето на платниот промет со странство донесен од гувернерот на Народната банка);
- Датум на трансакцијата / извршувањето на услугата (уплатата, односно исплатата);
- Име и презиме на клиентот (испраќач / примач);
- ЕМБГ или број на пасош (ЕМБГ на граѓанинот доколку се работи за домашното физичко лице – резидент, односно број на документот за идентификација доколку се работи за странското физичкото лице – нерезидент);
- Код на резидентот / нерезидентот;
- Шифра на валутата (од шифрарникот на валути според актот со којшто се уредува вршењето на платниот промет со странство донесен од гувернерот на Народната банка);
- Износ на уплатата (во валута), и
- Износ на исплата (во валута).